Врз основа на член 5, 18 и преодната одредба што се однесува на усогласување на актите член 104 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 52/10) и член 49 и 50 од Статутот на Друштвото на биолози на Република Македонија, Собранието на Здружението на граѓани „Друштво на биолозите на Република Македонија“, на седницата одржана на ден 31. јануари 2017 година донесе:

# *С Т А Т У Т*

# *на „МАКЕДОНСКО БИОЛОШКО ДРУШТВО“*

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат: статусот, целите и задачите, програмата и активностите, начинот на членување, форми на дејствување и организациската структура, работа на Собранието, работата на Претседателството, работата на Претседателот, работата на Надзорниот одбор, финансиско-материјалното работење и и престанокот на работата на Здружението на граѓани „Македонско биолошко друштво".

### Член 2

Здружението на граѓани „Македонско биолошко друштво“ е невладина, непартиска, непрофитна и нерелигиозна организација во која граѓаните на Република Македонија членуваат на доброволна основа и ги здружуваат средствата и трудот заради остварување на пошироки општествени интереси од обласtа на проучување на биологијата и биолошките дисциплини со цел да се популаризираат и унапредат биолошките науки и нивната примена.

### Член 3

„Македонското биолошко друштво е научно и стручно здружение на граѓани – биолози (дипломирани биолози, дипломирани еколози, дипломирани биолози-биохемиско-физиолошка насока, дипломирани инженери по биологија, дипломирани молекуларни биолози дипломирани професори по биологија, професори по биологија и хемија), членови наставници вклучени во образовниот процес (наставници во основно образование, средно образование и високо образование), членови вклучени во остварување на дејноста поврзана со здравство, екологија, индустрија, стопанство, студенти како и други академски образовани лица кои се занимаваат со проблематика од биолошките научни области и дисциплини во Република Македонија, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности кои се стремат кон збогатување, негување, популаризација и унапредување на биологијата и проблематики од биолошките научни области и дисциплини и нивната практична примена во сите сегменти на живеење“

**Член 4**

Своите цели Македонско биолошко друштво ги остварува преку спроведување и организирање стручни и научни собири, издавање на научни и популарни изданија, учество во проекти, обука на членовите, соработка со други организации, медиумска промоција и со соработка со други домашни и меѓународни здруженија, друштва и асоцијации.

Македонско биолошко друштво своите цели и задачи ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, Законот, овој Статут и општите и други акти и правилници што ќе ги донесе.

**Член 5**

Називот на здружението е: *Македонско биолошко друштво.*

Скратен назив на здружението е МБД.

За меѓународни контакти се користи англискиот превод на името Macedonian Biological Society.

Скратен назив на здружението е MBS.

**Член 6**

Седиштето на МБД е во Скопје, улица Архимедова бр. 3, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

МБД се организира и делува на подрачјето на Република Македонија.

**Член 7**

МБД има својство на правно лице.

МБД има своја жиро сметка, свој амблем, печат и штембил.

Амблемот на МБД е составен со две линии кои се во елипсовидна форма. Во средината се наоѓаат стилизирани букви на кратенката МБД, а во долниот дел на средината е прикажана кратенката MBS. Над горната линија стои целосното име на Друштвото – Македонско биолошко друштво, а под долната линија стои целосното име на англиски јазик – Macedonian Biological Society. Елементите на амблемот се во зелена боја.

Печатот на МБД е тркалезен со натпис: Македонско биолошко друштво - Скопје, а во средината се наоѓа знак во форма на круг со назнака на кратенката на Друштвото, МБД.

Штембилот има правоаголен облик со следниот текст:

Македонско биолошко друштво Бр.___________________

_______________ 20___год.

СКОПЈЕ

**Член 8**

МБД може да биде член на други сродни асоцијации и сојузи на биолози во земјата и во странство.

**Член 8а**

МБД не може да врши активности на политичка партија, односно не може да обезбедува директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијае на изборите.

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МБД

**Член 9**

Основна дејност на Здружението на граѓани „Македонско биолошко друштво“ - Скопје, согласно Националната класификација на дејности е 94.12 Дејности на струкови организации врз база на членување.

Основна цел на МБД е грижа за статусот на биологијата како стручна и научна дисциплина и професија во општеството, организација, координација и поддршка помеѓу биолозите од разни струки и професионални активности, грижа за соодветна застапеност на биолошките содржини во образовниот процес, за професионалните интереси и грижа за еколошката едукација и за зачувување и заштита на природата, ширење на биолошките знаења и унапредување на образованието од биолошките научни дисциплини, развивање и унапредување на сите гранки на биолошката наука.

Поконкретно, цели и задачи на МБД се остваруваат преку реализирање на следните активности:

- здружување на сите припадници на струката од биолошките области заради развивање колегијалност и соработка меѓу членовите;
- да го следи развојот на биолошките научни дисциплини и нивната примена;
- да ја обединува и потпомага работата на членовите во врска со популаризацијата и унапредувањето на биологијата и биолошките науки и научни дисциплини и нивната примена;
- да ја следи и поттикнува примената на биологијата и биолошките научни дисциплини во останатите науки;
- да ја збогатува стручната и научната литература по биологијата и биолошките науки и научни дисциплини со издавање на стручно-научни и стручно-методски публикации;
- да соработува и одржува контакти со сродни сојузи и друштва во нашата земја и странство;
- да врши популаризација на биологијата и биолошките науки по пат на организирање предавања, семинари, симпозиуми, конгреси, работилници, сопствени публикации и слично;
- да ја следи и поттикнува примената на биологијата во останатите науки и да ги следи и проучува проблемите на наставата по биологија и биолошките области и да дава придонес за усовршување на истата;
- да организира тематски собранија, работилници, собири за наставните планови и програми, учебници и друг вид на прашања во врска со наставата во основното, средното и високото образование;
- да дава придонес за стручно усовршување на наставниците по биологија и природни науки и другите биолошки области од основните и средните училишта, високото образование како и за стручњаците биолози, молекуларните биолози, еколози, биохемичари од здравството, стопанството, индустријата и од други професионални области;
- да организира тематски собранија за прашања во врска со примената на биолошките области во сите степени на образованието, во индустријата и стопанството, во здравството, во сите сегменти во општеството од екологијата и заштитата;

- да организира тематски собранија и да помага во унапредување на наставата од разни биолошки дисциплини во сите степени на образование;
- да ги ангажира членовите на МБД како соработници во различни институции и тимови за извршување на одредени задачи на делување во областа со кои се бави Друштвото;
- да делува и да се ангажира за заштита на природата, биолошката разновидност и човековата околина;
- да организира натпревари по биологија, природни науки, одредени биолошки научни области, биолошки школи и кампови;
- да ги застапува и заштитува интересите на своите членови, особено за статусот на биолозите, еколозите, молекуларните биолози, инженерите по биологија, професорите по биологија и професорите по биологија и хемија во сите сегменти на општеството каде ја остваруваат својата професионална активност и дејност.
- да покренува и да води стручни, научни или апликативни проекти од областа на биологијата, поодделните биолошки науки и научни дисциплини.

**Член 10**

Целите и задачите на МБД ќе се остваруваат преку организирање научни и стручни состаноци, собири, симпозиуми, работилници, семинари, конгреси, издавање на научно-стручни публикации, како и други активности зацртани во програмата за работата на МБД.

## 3. ПРОГРАМА И АКТИВНОСТИ

**Член 11**

За остварување на своите активности МБД донесува Платформа, Годишен план и програма за работа, финансиски план и правилници и деловници за работа на МБД.

Платформата, Годишниот план и програма за работа, финансискиот план и правилниците и деловниците за работа на МБД се усвојуваат на седница на Собранието на МБД.

**Член 12**

Работата на МБД и неговите тела е јавна.

Јавноста се обезбедува на следниот начин:

• со редовно известување на членовите на МБД за сите облици на работење;

• со увид во спроведувањето на програмските задачи;

• со поднесување извештај за: работата на органите и телата на МБД и за материјално-финансиско работење на МБД;

• преку средствата за јавно информирање и

• преку веб-страницата на МБД.

**Член 13**

МБД може да извршува и јавни овластувања доверени од надлежните министерства, во согласност со закон.

**Член 14**

МБД има своја издавачка и продукциска дејност, што се уредува со посебни правилници.

**Член 15**

МБД може да основа единствено друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва, за остварување на целите и интересите утврдени со Статутот на МБД.

## 4. НАЧИНИ НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МБД

**Член 16**

Членството на МБД се состои од редовни и почесни членови.

Редовните членови може да бидат биолози и други лица, државјани на Република Македонија, кои се заинтересирани за развојот, примената и популаризацијата на биологијата и биолошките области.

**Член 17**

Зачленувањето во МБД се врши со пополнување пристапница, со која членот се согласува со Статутот на МБД и се обврзува за неговото исполнување, како и со добивање на членска книшка.

МБД за своите членови води регистер на членството кој се ажурира еднаш годишно.

Редовен член на МБД се станува со поднесување писмена пристапница за членство во МБД.

**Член 18**

Членот на МБД ги има следните права и обврски:

• да се придржува кон одредбите на овој Статут и актите на МБД;

• да се залага за остварување на целите и задачите од член 9 од овој Статут и да учествува во реализирање на програмските содржини, активности и акции;

• рамноправно да бира и да биде биран во сите органи и тела на МБД;

• да учествуваат во донесување одлуки на МБД;

• да покренува иницијативи и да дава предлози за расправа по одделни прашања кои се однесуваат на работата на комисиите, секциите, активите и другите организациони облици на работа на МБД, како и за организирање на стручни состаноци и собири;

• активно да учествува во целокупната работа на комисиите, одборите, секциите, активите и другите организациони облици на работа на МБД и во донесувањето и реализацијата на програмите и плановите за нивната работа и за работата на МБД;

• има право на сопствено стручно оспособување за спроведување на активности на МБД;

• редовно да биде информиран за работата на МБД и за извршувањето на утврдените програми и задачи;

• да присуствува на состаноците;

• да придонесува за нормално и непречено функционирање на МБД;

• да придонесува за афирмација на МБД и за стручно издигнување и подобрување на методите за работа;

• редовно и навремено да плаќа годишната членарина;
• да добијат членска книшка.

**Член 19**

МБД ги има следните обврски кон членовите:
• редовно да ги информира за сите донесени одлуки во МБД;
• редовно да ги информира за сите преземени активности;
• согласно можностите, да обезбеди обука за спроведување на активностите;
• да обезбеди достапност на Статутот, Платформата, Годишниот план и програма, финансискиот план, правилниците и деловниците на МБД;
• да им издаде членска карта.

**Член 20**

За претставници на членовите во органите на МБД, сојузите, секциите не можат да бидат бирани лица на кои со судска пресуда им е изречена мерка забрана за јавен настап, се додека трае забраната и лица кривично осудени.

**Член 21**

Членството во МБД престанува:
• по сопствена желба, со самостојно истапување;
• со исклучување, односно бришење од евиденцијата на членот кој не ги почитува основните начела утврдени со одредбите од овој Статут;
• доколку членот редовно не плаќа членарина и други придонеси;

Одлука за исклучување на предлог на Претседателството донесува Собранието.

**Член 22**

Почесните членови се избираат од редот на членовите што дале посебен придонес во унапредувањето на биологијата и биолошките дисциплини во Република Македонија преку научна, стручна, афирмативна, педагошка, апликативна и организациона работа.

Почесните членови ги избира Собранието на МБД на писмен предлог од најмалку три редовни членови. Бројот на актуелни почесни членови не може да биде поголем од 7.

## 5. ОРГАНИ И ТЕЛА НА МБД

**Член 23**

За реализирање на платформата и годишниот план и програма на МБД со неговата работа раководат органите на МБД.

Органи на МБД се: Собрание, Претседателство и Надзорен орган.

Собранието е највисок орган на МБД.

Претседателството и Надзорниот орган на МБД се изборни.

Изборот на Претседателството и Надзорниот орган на МБД се врши на седница на Собранието на МБД.

Тела на МБД се структури во чија работа учествуваат на доброволна основа членовите на МБД. Телата се организирани во вид на секции, одбори, комитети, работни групи, комисии, делегации и слично.

Формирањето на телата на МБД и дефинирањето на нивните обврски и мандат го вршат Собранието или Претседателството на МБД со посебни одлуки, при што се водат со посебен правилник.

МБД може да формира секции доколку во нив има најмалку 5 члена.

Претседателството и Надзорниот орган за нивната активност поднесуваат редовен годишен извештај за нивната работа до Собранието, а телата на МБД поднесуваат извештај за нивната работа до Претседателството на МБД, или доколку биде од нив побарано и до Собранието.

Извештајот на телата се поднесува на крајот на мандатот на телото.

Претседателството на МБД во својот редовен годишен извештај до Собранието е должно да ги вклучи и извештаите на телата на МБД.

**Член 23а**

МБД може да формира секции.

Секциите се формираат на принцип на одделни стручни и научни подобласти во рамките на биолошката наука.

Во рамките на МБД постојат и работат 5 секции и тоа:

1. Секција за основно образование
2. Секција за средно образование
3. Секција за применета биологија
4. Секција за екологија
5. Секција за високо образование

Одлука за формирање на секции носи Собранието на МБД, а надлежностите и работите кои ќе ги извршуваат секциите се регулираат со посебни правилници кои ги донесува Собранието на МБД.

**Член 24**

Членовите во органите и телата за функцијата може да се кандидираат лично или да бидат кандидирани од членовите на МБД.

Кандидирањето за членство во органите на МБД се врши на седница на Собранието на МБД, за секој член поединечно.

Предложените кандидати за членови во органите на МБД пред да бидат избрани мора да се согласат да ја извршуваат функцијата за која се предложени.

Прифаќањето на кандидатурата за членство во орган или тело на МБД се врши за секој кандидат поединечно.

**Член 25**

Органите и телата на МБД за својата работа одговараат поединечно пред органот кој ги формирал.

Членовите на органите и телата за нивната работа одговараат поединечно, пред органите кои ја прифатиле нивната кандидатура за членство во соодветниот орган, односно тело, или пред Собранието.

Мандатот на органите или телата, како и на нивните членови, може да биде одземен и пред истекот на предвидениот рок, доколку истите не ги почитуваат Статутот и подстатутните акти на МБД.

Одземањето на мандатот на органите на МБД и нивните членови го врши Собранието, а на телата и членовите на телата Собранието и Претседателството на МБД.

Член во органите и телата на МБД може да поднесе оставка на функцијата во истите по негов личен избор.

Оставката на местото член во орган се поднесува до Собранието на МБД, а оставка на местото член во тело може да се поднесе и до Претседателството на МБД.

## 5.1.СОБРАНИЕ НА МБД

**Член 26**

Собранието на МБД го сочинуваат сите членови на МБД.

Од своите редови Собранието избира Претседател, Подпретседател, членови на Претседателството и членови на Надзорниот орган.

Седница на Собранието свикува Претседателот на МБД.

Седница на Собранието може да се свика и по барање на Претседателството, по барање на најмалку 1/5 од членовите на МБД или по барање на Надзорниот орган.

Ако Претседателот на МБД во рок од 14 дена од денот на барањето за свикување на седница на Собранието не свика седница, седницата ја свикуваат и водат Претседателството на МБД или иницијаторите.

**Член 27**

Собранието на МБД се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствува една половина од вкупниот број на членови.

**Член 28**

Одлуките на Собранието се донесуваат со просто мнозинство, освен при промена на Статутот на МБД и при донесување на одлука за престанок на МБД, кога се одлучува со двотретинско мнозинство.

Гласањето на седница на Собранието може да се одвива и тајно, доколку тоа го побарат најмалку 1/5 од вкупниот број присутни членови на Собранието.

Одлуките донесени на седница на Собранието на МБД се конечни. За својата работа Собранието донесува деловник за работа.

**Член 29**

Собранието на МБД ги има следните функции:

- го донесува Статутот на МБД и одлучува по предлозите за негово менување и дополнување;
- усвојува годишна програма за работа;
- донесува деловници и правилници за оранизација и работа на органите на МБД;
- избира и разрешува Претседател и членови на Претседателство;
- избира и разрешува членови на Надзорниот одбор;
- ги усвојува извештаите на Надзорниот одбор и Претседателството и дава насоки и план за работа во наредниот едногодишен период;
- усвојува завршна сметка и финансиски план на МБД;
- одлучува за промена на целите на МБД;
- одлучува за основање и укинување на секции и тела;

• одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организаци;

• констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;

• одлучува за престанок на МБД;

• избира почесни членови;

• ја одредува висината на членарината;

• донесува одлука за доделување награди и признанија на поедини членови, што е регулирано со Правилник;

• решава по жалбите на решенијата на Претседателството;

• одлучува за сите други прашања во согласност со законот и овој Статут.

**Член 30**

Собранието го отвора Претседателот на МБД, а во негово отсуство Потпретседателот.

Со Собранието раководи избрано работно претседателство.

## 5.2. ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА МБД

**Член 31**

Претседателството на МБД е извршен орган на Собранието на МБД.

Претседателството брои непарен број на членови, не помалку од пет. Мандатот на членовите на Претседателството е две години, со можност за реизбор.

Членовите на Претседателството се избираат од членовите на МБД.

Претседателството во целина, како и членовите на Претседателството поединечно, можат да бидат отповикани.

Отповикувањето на Претседателството го врши Собранието на МБД, по предлог на најмалку 1/3 од членството на МБД.

Отповикувањето на поединечни членови на Претседателството го врши Собранието на МБД, по предлог на останатите членови на Претседателството или најмалку 1/3 од членството на МБД.

Отповикување на членовите на Претседателството се врши за секој член поединечно.

**Член 32**

Претседателството го сочинуваат Претседателот, Потпретседателот, Секретарот, Благајникот и членовите на Претседателството.

При својата работа Претседателството се води со Деловник за работа на Претседателството на МБД.

Претседателството расправа и решава по прашања меѓу две седници на Собранието на МБД, а посебно:

• се грижи за реализација на годишниот план и програма за работа и финансискиот план на МБД, како и на заклучоците, ставовите и другите документи што ги донесува Собранието на МБД;

• ги подготвува седниците на Собранието;

• го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;

• ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;

• управува и одговара за управувањето со имотот на МБД;
• одлучува за прифаќање и склучување на спогодби и договори;
• подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа и работата на телата кои ги формирало;
• донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии, одбори и други тела и ја насочува нивната работа, за поквалитетно, поуспешно и поефикасно остварување на својата работа и на работата на МБД во целина;
• организира и активно учествува во разни акции и манифестации;
• ги разгледува програмите и извештаите за работа на своите одбори и комисии и презема активности и мерки за нивно успешно остварување и за подобрување на состојбите;
• одлучува за доделување на награди, благодарници и јавни признанија на заслужни членови, секции;
• се грижи за обезбедување на услови, материјално – финансиски средства и други претпоставки за остварување на целите и задачите од член 9 и 10 од овој Статут и активноста на МБД и одлучува за нивната намена; се грижи за пропагирање и афирмација на активноста на МБД; донесува одлука за основање трговско друштво;
• донесува одлуки за расходување и отуѓување на ситен инвентар и основни средства;
• го следи извршувањето и примената на одлуките од неговата надлежност;
• организира конгреси, научни и научно-стручни собири, семинари, советувања, предавања, работилници и слично;
• дава научни и научно-стручни мислења за проблематиката од областите на биологијата и биолошката наука, како и нејзините дисциилини и сл.;
• врши и други работи и одлучува и за други прашања кои се однесуваат на управувањето и работата на МБД и на остварувањето на неговата функција и активност;
• врши и други задачи што ќе му ги довери Собранието.

**Член 33**

Одлуките во Претседателството се донесуваат со просто мнозинство гласови. Гласањето во Претседателството може да се спроведе и тајно, доколку тоа го побараат најмалку 1/5 од чледновите на Претседателството.

Претседателството може полноважно да одлучува доколку на состанокот присуствуваат најмалку 2/3 од членовите на Претседателството.

**Член 34**

Состанок на Претседателството го свикува Претседателот на МБД. Било кој од членовите на Претседателството може да побара свикување на состанок на Претседателството.

Претседателот е должен да свика состанок на Претседателството најдоцна седум дена по добиеното барање за свикување на состанокот.

Доколку Претседателот не свика состанок на Претседателството во предвидениот рок, по истекот состанок на Претседателството може да свика и иницијаторот.

Со состанокот на Претседателството раководи Претседателот, а во негово одсуство, еден од членовите на Претседателството.

**Член 35**

Претседател на МБД се избира на седница на Собранието на МБД.

Кандидатура за Претседател на МБД се поднесува до Претседателството на МБД, лично или од член на МБД, во кој случај предложениот кандидат мора да се согласи да ја извршува функцијата.

Претседателот на МБД не смее да биде член на Извршно тело на ниедна политичка партија.

Мандатот на Председателот изнесува две години, со право на реизбор.

Претседателот за својата работа одговара пред Собранието и Претседателството на МБД.

Претседателот нема право самостојно да донесува одлуки.

**Член 36**

Правата и обврски на Претседателот се следните:

- да свикува седници на Претседателството и на Собранието на МБД;
- да ги потпишува одлуките на МБД;
- да го претставува и застапува МБД во јавноста и пред други институции и органи;
- да ја организира и координира работата на Претседателството;
- да дава предлози до Претседателството и Собранието за активностите на МБД;
- да се грижи за правилното спроведување на одлуките на МБД;
- да работи во интерес на МБД;
- да поднесува извештај за својата работа до Претседателството и до Собранието најмалку еднаш во текот на годината.

**Член 37**

Потпретседателот на МБД го заменува Претседателот во негово отсуство.

Мандатот на Потпретседателот трае две години.

**Член 38**

Секретарот на МБД е одговорен за организација и ефикасно и транспарентно водење на администрацијата на МБД односно ги извршува стручно-административни работи и на редовното Собрание поднесува извештај за состојбата и работата од последното редовно Собрание.

Во отсуство на Председателот и Потпретседателот ги извршува нивните должности.

Мандатот на Секретарот трае две години.

**Член 39**

Должност на Благајникот е да:

- извршува стручни работи од областа на финансиите;
- изработува предлог финансиски план;
- на редовното собрание поднесува благајнички извештај за време од последното редовно Собрание;
- води грижа за финансиската документација и редовната уплата на членарина.

Мандатот на благајникот трае две години.

## 5.3. НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 40**

Надзорниот одбор се избира од членовите на МБД, на седница на Собранието на МБД.

Надзорниот одбор е составен од Претседател и двајца членови.

Претседателот на Надзорниот одбор се избира на седница на Собрание. Може да се избере и со тајно гласање, на предлог на најмалку 1/5 од присутните членови на Собранието.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е две години со можност за реизбор.

**Член 41**

Задачите на Надзорниот одбор врши надзор над почитувањето на Статутот и другите акти на МБД и над материјално-финасиското работење на МБД.

Надзорниот одбор има право да бара свикување на седница на Собранието.

Работата на Надзорниот орган се уредува со Деловник за работа.

Надзорниот одбор за својата работа во МБД поднесува годишен извештај до Собранието на МБД.

## 6. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА МБД

**Член 42**

Во остварувањето на активноста утврдена со овој Статут, МБД располага со финансиски средства кои секоја календарска година се утврдуваат со финансиски план.

**Член 43**

Средствата за својата работа МБД може да ги обезбедува од:

- членарина;
- фондови за образование, наука, екологија, култура, и сл.;
- доброволни прилози;
- акции и приредби;
- проекти;
- подароци;
- донации, придонеси, спонзорства;
- Буџетот на Република Македонија, Буџетот на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје;
- приходот на акционерските друштва или друштвата со ограничена одговорност кои може да ги формира;
- котизации од натпревари, работилници, собири, конгреси;
- други легални извори.

**Член 44**

Финансиско-материјалното работење на МБД се уредува со Правилник за финансиско-материјалното работење на МБД, а во согласност со законските прописи на Република Македонија.

**Член 45**

Ако во работењето на МБД се оствари добивка, истата мора да биде употребена за остварување на целите, задачите и активностите на МБД.

**Член 46**

Недвижниот и движниот имот и средствата на МБД стекнати по било кој основ се сопственост на МБД.

Со имотот на МБД управува Претседателството на МБД.

## 7. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА МБД

**Член 47**

МБД престанува да работи ако:

- со одлука на Собранието на МБД донесена со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови или
- од причини наведени во член 63 од Законот за здружение и фондации (Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 52/10).

**Член 48**

Во случај на престанок на работа на МБД целокупниот имот на МБД кој преостанува по подмирување на обврските преминува во сопственост на Институтот за Биологија, Природно-математички факултет во Скопје.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 49**

Измени и дополнувања на овој Статут врши Собранието на МБД.

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат за секој член поединечно.

**Член 50**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот може да покрене секој член на МБД.

За иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Претседателството на МБД.

**Член 51**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на МБД, а помеѓу две собранија тоа право го има Председателството на МБД.

**Член 52**

Овој статут е усвоен на седницата на Собранието одржана на ден 20. април 2016 година и стапува во сила со запишувањето на МБД во Централниот регистер на здруженија на граѓани и фондации.

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот донесен на 10.03.2014 година.

**Член 53**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 31. јануари 2017 г.

Претседател

Проф. д-р Сузана Диневска- Ќовкаровска